# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

25 јуни 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 8



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4088/1**
**од 25 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), а во врска со член 116 став (1) алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Правилникот за внатрешна организација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-185/1 од 13.05.2026 година и Одлуката за донесување на Правилник за внатрешна организација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-187/6 од 15.05.2026 година, донесени од управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 24 јуни 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-185/1 од 13.05.2026 година, донесен од управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-187/6 од 15.05.2026 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Правилникот за начелата на внатрешна организација на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-2396/5 од 28.06.2021 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/21).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3877/2**
**од 24 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4088/2**
**од 25 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24) а во врска со член 116 став (1) алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-186/1 од 13.05.2026 година и Одлуката за донесување на Правилник за систематизација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-187/7 од 15.05.2026 година, донесени од управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 24 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-186/1 од 13.05.2026 година, донесен од управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-187/7 од 15.05.2026 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-2396/6 од 28.06.2021 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/21).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3877/3**
**од 24 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН УПРАВЕН КОМИТЕТ<br>ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА<br>ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА<br>(ЛЕАП 3), ЗА ПЕРИОД 2027 - 2033 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4088/3**<br>**од 25 јуни 2026 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 60 став (2) и член 61 став (5) од Законот за животната средина (''Службен весник на РМ'' бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 39/18, 99/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.89/22, 171/22, 3/25 и 191/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 24 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН УПРАВЕН КОМИТЕТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА (ЛЕАП 3), ЗА ПЕРИОД 2027 - 2033 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година, во следниот состав на членови и заменици на членови:

1. Радмила Миленковска - ЈКП ''Гази Баба 2007'' - Скопје,
   Даниела Јовановска- заменик член,

2. Драгана Черепналковска- Државен инспекторат за животна средина - МЖСПП,
   Ангела Темелковска- заменик член,

3. Александар Бојаџиски- Пивара Скопје АД,
   Олгица Мицевска- заменик член,

4. Цена Виданоска - Општина Центар,
   Весна Николовска- заменик член,

5. Катерина Димовска - ЈП ''Водовод и канализација'' - Скопје,
   Томислав Стамболиќ- заменик член,

6. Ана Марија Бранѓолица - ЈП ''Комунална хигиена'' - Скопје,
   Ана Атанасовска- заменик член,

7. Сашка Трајческа - ЈП ''Паркови и зеленило'' - Скопје,
   Виолета Михајловска- заменик член,

8. Петар Гичаровски - Град Скопје - Сектор за комунални дејности,
   Љупчо Трпковски- заменик член,

9. Оливера Николовска Савиќ - Град Скопје - Сектор за заштита на животната средина,
   Вилма Петкова- заменик член,

10. Јане Илијоски – Град Скопје – Сектор за сообраќај
    Миле Биљаноски – заменик член,

11. Ивана Ангелова - Факултет за земјоделски науки и храна,

12. Љупчо Несторовски - Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг "ХАНС",
Кристијан Цокоски- заменик член,

13. Даниела Андоновска - Центар за развој на Скопски плански регион,
Розета Арсовска- заменик член,

14. Бојана Станојевска Пецуровска - Центар за климатски промени,
Весна Дишлијовска- заменик член,

15. Игор Макалоски - "Пакомак" ДОО Скопје,
Ико Брдароски- заменик член,

16. Горан Цветаноски - "Елколект" ДОО Скопје,
Драган Коцев- заменик член,

17. Мартин Петрушевски - Општина Гази Баба - Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај,
Дијана Тодевска- заменик член,

18. Александра Димитриевска Аврамовска - Општина Гази Баба - Сектор за инспекциски работи - инспекторат,
Катерина Ѓорѓиевска – заменик член,

19. Кристина Јовковска Коваленска - Општина Гази Баба - Сектор за урбанизам и градежно земјиште,
Катерина Велков – заменик член,

20. Љубомир Пејовски - "Макстил" АД Скопје,
Елена Ивановска Видинова- заменик член,

21. Дејан Боневски - член на Совет на Општина Гази Баба,

22. Маја Никодиновска - член на Совет на Општина Гази Баба,

23. Александар Вељановски - член на Совет на Општина Гази Баба,

24. д-р. Рената Ќуштеревска - Природноматематички факултет,
д-р.Славчо Христовски- заменик член,

25. Тања Пауновска - Министерство за животна средина и просторно планирање,
Тања Кироска - заменик член,

26. Никола Цветковски - ЈСП Скопје.

**Член 2**

Основна задача на Локалниот комитет е да го надгледува процесот на подготовка и да ја информира јавноста за изготвувањето на ЛЕАП, да овозможи граѓаните да ги искажат своите ставови околу локалните приоритети и решенија за подобрување на животната средина.

**Член 3**

Локалниот комитет е одговорен за:

- Усвојување на оценката на состојбата на животната средина,
- Дефинирање на проблемите на животната средина,
- Поставување на приоритетите,
- Развивање на ЛЕАП,
- Информирање на заедницата и поголемите интересни групи за процесот на работа,
- Добивање поддршка во заедницата во врска со изработката и спроведувањето на ЛЕАП и
- Одредување на членовите на работните групи за изработка на ЛЕАП.

**Член 4**

Работата на Локалниот комитет се уредува со деловник за работа, кој го усвојуваат членовите на Локалниот комитет на првиот, конститутивен состанок.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3877/4**
**од 24 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 12, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2020-2030)**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020 - 2030), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-4088/4**
**од 25 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 39 ставови (5) и (9) и член 42 ставови (3), (5) и (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба („Службен гласник на Општина Гази Баба“ бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 24 јуни 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 12, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2020-2030)

### Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020-2030).

(2) Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020-2030), ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **14.38 ха,** кој се наоѓа во градежниот реон на град Скопје и на територија на Општина Гази Баба и е во рамките на следните граници:

**Од Север:** границата на планскиот опфат се движи по осовина на собирна улица "Индустриска 1";

**Од Исток:** границата на планскиот опфат се движи по осовина на магистрална улица "Булевар Киро Глигоров (Војводина)";

**Од Југ:** границата на планскиот опфат се движи по осовина на река Вардар;

**Од Запад:** границата на планскиот опфат се совпаѓа со осовина на градска магистрала "Булевар АСНОМ".

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 20, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по **Y** и **X** координати:

Y=7538708.6653 X=4650102.4400
Y=7538670.1793 X=4650150.7760
испакнување -0.0028
центар Y=7538923.3313 X=4649866.5618
радиус 380.6096
почетен агол 132
краен агол 131
Y=7538673.3940 X=4650153.6072
испакнување -0.3312
центар Y=7538963.7646 X=4649784.0781
радиус 469.9647
почетен агол 128
краен агол 55
Y=7539234.2047 X=4650168.4334
Y=7539260.3841 X=4650150.0140
испакнување 0.1900
центар Y=7539375.4695 X=4650313.5847
радиус 200.0000
почетен агол 235
краен агол 278
Y=7539402.9463 X=4650115.4811
Y=7539475.6701 X=4650125.5679
Y=7539539.9213 X=4650134.4795
испакнување -0.1544
центар Y=7539557.0943 X=4650010.6648
радиус 125.0000
почетен агол 98
краен агол 63
Y=7539614.2762 X=4650121.8189
испакнување -0.0530
центар Y=7539557.0943 X=4650010.6648
радиус 125.0000
почетен агол 63
краен агол 51
Y=7539636.3617 X=4650107.3172
испакнување 0.0451
центар Y=7539826.6032 X=4650339.2830
радиус 300.0000
почетен агол 231
краен агол 241
Y=7539680.9971 X=4650076.9877
Y=7539683.5680 X=4650075.5605
Y=7539796.0990 X=4650013.0920
Y=7539812.8805 X=4650004.8409
Y=7539789.0400 X=4649898.9400
Y=7539764.4675 X=4649784.9466
Y=7539739.8767 X=4649789.7645
Y=7539678.1855 X=4649809.3392
Y=7539626.7762 X=4649828.4246
Y=7539572.4292 X=4649860.2335

Y=7539507.0459 X=4649903.5032
Y=7539221.1122 X=4650106.5909
Y=7539159.2727 X=4650144.9488
Y=7539104.9257 X=4650168.4385
Y=7539051.0683 X=4650185.0770
Y=7539003.0863 X=4650192.4175
Y=7538951.5411 X=4650193.9542
Y=7538901.6007 X=4650191.0180
Y=7538843.3367 X=4650176.8264
Y=7538788.0106 X=4650157.7410
Y=7538730.5335 X=4650121.7426

Според опишаните граници за Градска четврт ЦС 12 вкупната површина на планскиот опфат изнесува:

1. вкупната површина до регулациони линии на граница на градска четврт според ГУП на Град Скопје 2012 - 2022 изнесува 6.92ха.
2. вкупната површина по осовините на примарните сообраќајници и осовина на река Вардар изнесува 14.38 ха односно (143803 $м^2$). Истата површина ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020-2030), со тех.бр.54/2015 од јуни 2026 година, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје, содржи:

**СОДРЖИНА**

Податоци
Регистрација
Лиценца
Решение за планери
Овластување на носителот на планската документација

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**Содржина**

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
ГРАФИЧКИ ДЕЛ

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед

1. Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Податоци за природни чинители
   - 3.1 географски карактеристики
   - 3.2 климатски карактеристики
   - 3.3 рељефни карактеристики
   - 3.4 хидролошки карактеристики
   - 3.5 инженерско-геолошки карактеристики
   - 3.6 сеизмички карактеристики

4. Податоци за создадените вредности и чинители
5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели
7. Инвентаризација на изградената комунална супраструктура
8. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Други прилози
    - 10.1 Пописни листи од извршената инвентаризација на теренот
    - 10.2 Нумерички податоци за постојна состојба

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Вовед

1. Вид на план,назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период, површина на планскиот опфат и општина на која припаѓа подрачјето на планскиот опфат
2. Опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат
3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура
    - 3.1 Единици на градежно земјиште
    - 3.2 Класа на намени
    - 3.3 Сообраќајно решение
    - 3.4 Нивелманско решение
    - 3.5 Електро-енергетика и електронски инсталации
    - 3.6 хидротехничка инфраструктура
    - 3.7 топлификациска мрежа
4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат
5. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
6. Мерки за заштита
    - 6.1 Мерки за заштита и спасување
    - 6.2 Мерки за заштита на животната средина и природата
    - 6.3 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност
    - 6.4 Заштита на културно наследство
    - 6.5 Мерки за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. Нумерички показатели
2. Билансни (споредбени) показатели

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Извод од план од ГУП на Град Скопје........................................................1: 5000
2. Извод од Детален урбанистички план........................................................1: 1000
3. Извод од соседни детални урбанистички планови......................................1: 1000
4. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени урбанистички планови за и во планскиот опфат или кои граничат со планскиот опфат.................................................................................................. 1: 1000

5. Ажурирана геодетска подлога.................................................................. 1: 1000
6. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура, на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат........................................................................................................ 1 : 1000
7. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура 1: 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. План на намена на земјиштето и градби – Наменски зони........................ 1:1000
2. Регулационен план и план на површини за градење................................ 1:1000
3. Сообраќаен и нивелациски план............................................................... 1:1000
4. Инфраструктурен план.............................................................................. 1:1000
5. План на зеленило со диспозиција на ниско, средно и високо зеленило....... 1:1000
6. Синтезен план.......................................................................................... 1:1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвени во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гази Баба“.

**Број 09-3877/5**
**од 24 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ И**
**РАСПРЕДЕЛБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - 2 (ДВА) ПРОЧИСТУВАЧИ**
**НА ВОЗДУХ НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
**И ООУ "СТИВ НАУМОВ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - 2 (два) прочистувачи на воздух на ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје и ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4088/5**
**од 25 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со член 4 став (2) од Одлуката за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на општинските основни училишта и јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/26), Советот на Општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 24 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - 2 (ДВА) ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХ НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ И ООУ "СТИВ НАУМОВ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се пренесува правото на сопственост и се распределуваат движна ствари - 2 (два) од вкупно 53 (педесититри) прочистувачи на воздух, односно се распределува движна ствар - 1 (еден) од вкупно 53 (педесититри) прочистувачи на воздух од производител MANN+HUMMEL модел SQ500 PLUS набавени од Општина Гази Баба, кои со претходна Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - прочистувачи на воздух, на општинските основни училишта и јавните установи за деца - детски градинки на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/26), донесена од Советот на Општина Гази Баба, останаа нераспределени.

**Член 2**

Движните ствари - прочистувачи на воздух (2) се распределуваат на следниот начин:

- ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје - 1 (еден) и
- ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје - 1 (еден).

**Член 3**

Општинската администрација преку надлежниот сектор уредно на записник ќе изврши предавање на движните ствари - прочистувачи на воздух, во сопственост на општинските основни училишта од членот 2 од оваа одлука.

**Член 4**

Се задолжуваат општинските основни училишта од членот 2 од оваа одлука, по уреден прием на движните ствари - прочистувачи на воздух, истите да ги воведат во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 5**

Одлуката да се достави до општинските основни училишта од членот 2 од оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3877/6**
**од 24 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ЛАЈКА" - СКОПЈЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 24 јуни 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4088/6**
**од 25 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со член 2 став (3) од Договорот за меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на Општина Гази Баба, склучен помеѓу Град Скопје (под бр.08-2131/1 од 09.03.2021 година), Општина Гази Баба (под бр.08-1153/1 од 08.03.2021 година) и ЈП "Лајка" - Скопје (под бр.03-417/1 од 01.03.2021 година), расправајќи по извештајот за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година, бр.08-3361/1 од 04.06.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на четиринаесеттата седница одржана на 24 јуни 2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ЛАЈКА" - СКОПЈЕ НА**
**ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА**
**ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година, бр.08-3361/1 од 04.06.2026 година, поднесен од ЈП "Лајка" - Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Град Скопје и ЈП "Лајка" - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3877/7**
**од 24 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за формирање на Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020 - 2030) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10

**ОДЛУКА** за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - 2 (два) прочистувачи на воздух на ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје и ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .19



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/26**
**14 седница**

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци